Македонската канцеларија на ТАКСО, заедно со ресурсниот центар воден од МЦМС, во периодот од 20 до 22 октомври во Маврово спроведе тридневна обука за основи на раководење со проекти – алокација на ресурси и буџетирање.



Оваа обука беше завршна фаза од циклусот на поддршка за раководење со проекти . Учествуваа  организациите кои во претходната фаза подготвија логички рамки за проекти на кои планираат да работат во наредниот период и со кои сакаат да се пријават за грант. На обуката учесниците работеа на ревизија на логичките рамки, на дефинирање на индикатори за оценка на успехот на проектот, проценка на претпоставките и ризиците, алокација на потребните ресурси, подготовка на буџет и подготовка на акциски план.

„Обуката беше успешна затоа што преку темелни, стручни предавања и најмногу преку практични вежби научивме како се подготвуваат проекти, како се аплицира пред потенцијални донатори, како се раководи со проекти“, истакна Славчо Митевски од „Туристичка иднина“. И Самет Абдули од „Заедно за Река“ смета дека обуката била квалитетна и создала извонредна прилика за надградба на стекнатите знаења, соработка на високо ниво и добра интеракција помеѓу учесниците. Своето задоволство од обуката не го криеше ни Емилија Илиевска од ЦРЗ ДРОМ . „Се надевам дека ТАКСО ќе продолжи да организира вакви настани“, рече таа.



На обуката учествуваа 27 претставници од 14 организации. Дел од организациите работеа во партнерство и подготвија заеднички проекти. Беа развиени осум проектни идеи кои опфатија различни теми: учење за човекови права и анти-дискриминација, образование на мајчин јазик кај припадниците од српската заедница, зголемување на интересот за производство на органска храна, ран визуелен скрининг кај деца и др.

Пред и по завршувањето на обуката беше направен тест кој покажа зголемување на знаењето на учесниците во просек за 21%. Учесниците високо ја оценија обуката и постигнувањето на зацртаните цели.

Првата фаза се одржа во мај 2015 кога низ тридневна обука учесниците се запознаа со фазите на проектниот циклус, со алатките за анализа на проблемите и за дизајнирање проектна стратегија и со елементите на логичката рамка.